СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 мај 1994 година

Скопје, мај 1994 година

**ДИСКУТАНТИ НА IV ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 75-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 17 мај 1994 г.**

1. АНДОВ СТОЈАН - стр.3, 5, 6, 9
2. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 1, 5, 6
3. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 7, 8

седницата е прекината и продолжува на 18 мај 1994-г.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 4-тото продолжение на 75-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 мај 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Цветан Јовчевски и Симон Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Господинот Стоиле Стојков има деловничка забелешка.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, мојата деловничка забелешка се состои во следново. Пред се, прво, имаме едно неделовничко свикување на седниците, односно барање за прекин на седниците на неделовнички начин. По кој член е тоа? Барам одговор од претседателот кој согласно деловникот е овластен да го толкува деловникот, да ми протолкува дека оваа седница е прекината на барање на една пратеничка група, односно на координаторот на таа пратеничка група. Пред се тоа не е деловнички, односно се врши на некој начин преседан. Јас разбирам дека ние на некој начин воспоставивме овде некое обичајно право да имаат право координаторите на пратеничките групи да бараат пауза ОД половина час, или час, меѓутоа да се бара толку време пауза, односно прекин во работата на Парламентот за мене е неделовнички, односно никаде во

деловникот за работа на ова Собрание не стои една таква можност. Тој преседан не би требало да стане правило.

Второ, измената на дневниот ред, односно на редоследот на точките на дневниот ред исто така е неделовнички. Согласно членот 116 кој ќе го цитирам: "По усвојувањето на дневниот ред се преминува на претрес на одделни прашања според редот што е утврден со усвоениот дневен ред". Ова е основата, овој член 116 е основата за водење на седниците во Собранието, односно редоследот не може по никој основ ако е утврден и изгласан од ова Собрание да се измени. Оттука произлегува дека денешнава седница на ова Собрание може да продлжи само по точката која беше прекината по деловничко барање на Пратеничката група на ПДП а тоа е Законот за пописот. Да го образложам и ова, зошто мислам дека треба денешнава седница да продолжи со оваа точка. Затоа што, во членот 117,на седницата се претресува секое прашање што е ставено на дневен ред пред да се одлучи по него освен ако со овој деловник е определено да се одлучува без претрес. Значи, ние претрес имавме, односно во членот 118 во ставот 1 стои: "Претресот по определено прашање трае и се води се додека по него има пријавено дискутанти за збор, односно делегати, односно пратеници за збор. Оттука произлегува дека прекинување на точка која била на дневен ред е неделовничко.

Трета деловничка забелешка е следнава. Согласно привремениот деловник што е донесен од составот на ова Собрание со исклучок на двајца, тројца пратеници кои не беа тогаш, кои се дополнително избрани, во членот 3 стои, го цитирам членот 3 од привремениот делов) Службен весник бр.3 на СРМ од 1991 година, односно привремен деловни: што го донело ова Собрание. Во членот 3 стои: "Седниците на Собрание' ги свикува и на нив претседава претседателот на Собранието." Став 2 поканата за свикување на седниците им се доставува на пратениците

најдоцна 15 дена пред денот определен за одржување на седницата. Став 3: "Со поканата на пратениците им се доставуваат предлогот на дневниот ред и материјалите и предлозите на актите што се предлагаат за разгледување на седницата. Став 4: предлозите за избори и именуван што се вршат при конституирањето на новоизбраното Собрание можат да се поднесуваат во пократок рок од рокот определен во став 2 на овој член. Што значи дека ако сега се постават точки на дневен ред кои се од областа на избори и именувања, односно точката за избор на судии на Уставниот суд и точката за избор на генерален директор на МРТ исто така се неделовнички од следниве причини. Нема 15 дена поминато од добивањето на овие одлуки, односно одлуките се добиени на 10.05.1994 година, а денеска сме 17.05.1994 година. Затоа произлегува дека ако претседателот односно Претседателството како што стои и претседателот во деловникот го толкуваат деловникот на погрешен начин произлегува дека целата оваа игра околу донесувањето на Законот за попис е само една политичка игра.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ги дадовте забелешките. Сега немаме расправа по тоа. Јас ќе ви дадам објаснување по забелешките. Тоа е ваше право да ставите забелешки.

Првата забелешка за тоа како дојде до прекин на седницата вие убаво знаете дека во текот на седницата пратеникот Мухамед Халил побара пауза од половина час како што повеќе пати досега побарувале и другите групи и немало никакви деловнички забелешки од никого, од час, или ден итн. Потоа, пратеникот, координаторот на пратеничката група за таа точка побара дополнителни консултации да обави пратеничката група и побара по таа точка расправата да се одложи за 18 овој месец. Во деловникот на кој се повикува господинот Стоиле Стојков не стои тоа како може да се реагира во тој случај од проста причина што деловникот

е правен кога немавме пратенички групи. Бидејќи ние мораме да овозможиме работа во услови на пратенички групи, тоа повеќе пати го правеле досега и други пратенички групи, еднаш се сеќавам СДС го направи неколку пати, ВМРО-ДПМНЕ го правел итн., тоа Собранието го усвои, претседателот го усвои и седницата е прекината. Тоа е објаснение на првата деловничка забелешка. Се разбира по овој мој одговор и објаснение и по сите што ќе ги дадам сега господинот Стојко може да каже дали е задоволен, или е незадоволен и ако не е задоволен јас ќе го дадам на изјаснување на Собранието дали се прифаќа моето објаснување, или се одобрува неговиот приговор, па да работиме на друг начин.

Вториот приговор е за изменување на редоследот во дневниот ред. Со тоа што Собранието прифаќа да се дава одложување на расправата која е во тек, ние не сме ја завршиле расправата по една точка, Собранието прифаќа да се изврши промена во редоследот да може денес ако се работи да се работи и по друга точка. Затоа што Собрание во меѓувреме ако прифати да се одложи расправата по една точка заради додатни консултации не прогласува неработни денови за себе во меѓувреме па да не може да работи по другите точки. Според тоа, тоа е објаснението за втората забелешка. И таква практика досега сме имале, се разбира затоа што тоа е еден рационален принцип на работа.

Трето, прво, оваа седница е свикана како итна. На итната седница има една друга логика и други решенија деловнички и со уврстувањето на точките на дневен ред 4-та и 5-та Собранието се произнесе по мотивацијата која го мотивирала господинот Стоиле Стојков овде да даде таква забелешка. Според тоа, таа забелешка можеше да биде ставена кога се утврдуваше дневниот ред не беше ставена, а Собранието сега штом го утврди овој дневен ред, според тоа ги ценело сите околности и тие што тој ги наведе и не ги уважило. Тоа е

објаснувањето за сите три забелешки.

Господине Стојков, нема расправа, само да кажете дали сте задоволен или не сте задоволен?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Имам повеќе забелешки зошто сум незадоволен. Како прво, ова Собрание не се изјасни за прекин на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате зошто сега да расправате. Нема расправа за тоа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Па вие лажете господине претседателе дека ова Собрание се произнело.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Собранието знае дали се произнело. Јас ги реков моите објаснувања. Сега напуштете ја говорницата. Нема расправа. Кажете дали сте задоволен или не сте задоволен?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не сум задоволен, затоа што лажете, очигледно лажете. Цела јавност знае дека лажете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас тврдам дека вие лажете. Сега вие можете да мислите дека јас лажам, сеедно, ќе си одлучи Собранието. Предвидено е тоа.

Господинот Стоиле Стојков не е задоволен од објаснувањат Според тоа тој бара да ги дадам на изјаснување неговитезабелешки.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не барам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи ги повлекува. Останува при забелешките. Добро е, не бара изјаснување на Собранието.

Господинот Стоиле Стојков има нова деловничка забелешка.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Согласно Уставот на РМ вие ако барате измена и дополнуван на Деловникот можете да го поставите тоа прашање, ќе ви треба 61 глас. Со 61 глас се изменува деловникот. Затоа деловничката забелешка оваа втора деловничка забелешка е во тој однос, односно дека наметнувате некои решенија дека ова Собрание се изјаснило. Ова Собрание не се изјаснило ниту за прекин на седницата до среда, тоа што вие тоа го кажавте по барање на пратеничката група на ПДП.

Втора работа не ми дозволивте да го цитирам членот 1 од привремениот деловник што го донесе ова Собрание каде што стои дека покрај овој привремен деловник во важност се деловникот за работа на ова Собрание донесен во 1988, 1989, 1986 година, службените весници ги реди и вели: ако не се во спротивност со овој привремен деловник односно и Уставот на РМ. Со тоа вие кажувате невистини овде дека ова Собрание се произнело, тоа е забелешката деловничка, оваа е втора моја забелешка, што не е вистина. Целата јавност знае дека ова Собрание не се произнесе, нема ни потреба сега да се произнесува затоа што тие се очигледни вистини и само вистини. Во математиката имате вистина и само вистина. Очигледна е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ве молам напуштете ја говорницата.

Бидејќи во парламентарниот живот не постои некој кој ги поседува очигледните вистини туку само вистината на мнозинството важи, а сеедно е што некој мисли дека има да го слушаат него како тој ќе каже, има тоа да биде вистина, по деловникот наш и по целата парламентарна практика за такви работи одлучува мнозинството. Еве сега бидејќи е ставена забелешка која не е повлечена, одлучуваме по првата забелешка.

Кој е за забелешката на господинот Стоиле Стојков, нека крене рака? (5 пратеници)

Кој е против? (59 пратеници)

Дали некој се воздржува? (никој)

Втората забелешка ја ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака, дека со претресот ќе продолжиме само по точката за пописот, а не по ова. Тоа е приговорот

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеници)

Кој е против? (60 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Кој е за третата деловничка забелешка? (3 пратеници)

Кој е против? (59 пратеници)

Деловничките забелешки на господинот Стоиле Стојков не се усвоени.

Според тоа, за примената на деловникот е задолжен господа пратеници, претседателот. Никој друг. Друг може да стави забелешка, за таа се изјаснуваат, еве сега се изјаснивме овде. Ако го менуваме деловникот, тоа е друга работа. Овде нема предлог за промена на деловникот. Тоа само господинот Стоиле Стојков така мисли, а тој е слободен да си мисли како сака.

Имаме уште една деловничка забелешка.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Со оглед на ваквиот почеток на ова продолжение на 75-тата седница каде навистина имаме едно нервозно постапување од страна на позицијата и каде што не се уважуваат логични и деловнички оправдани барања на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нормално би било во овој момент јас како координатор на пратеничката група да побарам пауза од еден час за да би можеле и ние да извршиме дополнителни консултации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од еден час.

Седницата продолжи со работа во 13,45 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. Имаме присутни 63 пратеника и ги молам пратениците да си седнат на своите места.

Има збор господинот Стефковски, тој побара пауза, па треба да не извести.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, паузата ја побарав за да се овозможи на одреден начин, смирување на онаа ситуација во Парламентот дека треба смирено да расправаме за многу прашања. Поготово денеска кога имаме толку значајни и одговорни две прашања кои по својот карактер немаат итен карактер и не се вклопуваат во концептот на 75-та седница.

Да бидам прецизен, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека во вакви услови не и беа доволни 60 минути пауза за вршење на потребните консултации во пратеничката група, па користејќи го искуството кое овој Парламент искажуваше подготвеност и разбираше за одредени барања поднесени од Социјал демократскиот сојуз, па и од ПДП, чувствуваме за потребно да извршиме дополнителни консултации со пратеничката група во догледно време, да бидат попрецизен, бараме да се одложи расправата по овие две точки и ќе ја користам формулацијата која е веќе одомаќена во овој Парламент, дека писмено ќе го известам Парламентот кога ќе ги завршиме консултациите, за да може да продолжи 75-та седница по овие две точки.

Сакам да го потсетам и претседателот дека ваков преседан веќе е направен од страна на Никола Поповски, координаторот на Социјал демократскиот сојуз за 53-та седница каде се побара одлагање со тоа што ќе биде известен. Колку мене ми е познато до денеска Собранието не е известено кога да продолжи расправата по точката која господинот Никола Поповски во тоа време бараше.

Оттука многу сум јасен и барам соодветно да се прекине седницата да се одложи денешната расправа, а за продолжението ќе го известам господине Андов, писмено. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира продолжението јас ќе го закажам, а не да ме извести некој за тоа. Еве господинот Стефковски ќе му дадеме можност да се консултира, го сфатив дека денеска не можат да расправаат по тоа прашање. Така? Бидејќи не знае кога , ја прекинувам седницата, јас ќе ја закажам кога ќе продолжиме.

Утре ќе продолжиме во 10,00 часот по третата точка - Законот за попис.

(Седницата прекина со работа во 13,50 часот.